# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

**Службен гласник на Општина Пехчево** | **Понеделник 04.03.2019 год.** | **Уредува:**

**Душко Миовски**
**Општина Пехчево**
**тел. (033) 441-321**

**Излегува по потреба** | **Број 02 - Година 2019**
**Гласникот е бесплатен**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2018/2019 година;
2. Одлука за определување на крајбрежниот појас на селска река во општина Пехчево, опфатен со урбанистички план за с.Црник;
3. Одлука за определување на крајбрежниот појас на Негревска река Поток 1 и Поток 2, во општина Пехчево, опфатен со урбанистички план за с.Негрево, општина Пехчево;
4. Одлука за определување на крајбрежниот појас на Умленска река, Поток 1 и Поток 2 во општина Пехчево, опфатени со урбанистички план за с.Умлена, општина Пехчево;
5. Одлука за определување на крајбрежниот појас на Робовска река покрај опфат на с.Робово, опфатен со урбанистички план за с.Робово, општина Пехчево;
6. Одлука за определување на крајбрежен појас на Пехчевска река пред влев на притоки, поток спој на река Негревска и Речиново, поток Речиново, Река Негревска, Пехчевска река по влив на притоки во УПС Чифлик, општина Пехчево;
7. Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година;
8. Одлука за усвојување на завршна сметка на општина Пехчево за 2018 година;
9. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Пехчево (2019-2021 година);
10. Програма за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година;
11. План за вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина и комунални работи на општина Пехчево за 2019 година;

12. Одлука за усвојување на програмски извештај за ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2018 година;
13. Одлука за усвојување на завршна сметка на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2018 година;
14. Одлука за усвојување на извештај за извршени работи во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година;
15. Одлука за усвојување на завршна сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година;
16. Одлука за усвојување на тримесечен финансиски извештај за работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.10.2018 год. до 31.12.2018 год;
17. Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале солидарен фонд;
18. Одлука за усвојување на изменувањето на годишниот план за вработување во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2019 година;
19. Заклучок за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во детските градинки за периодот од 01.12.2018 - 31.12.2019 година;
20. Одлука за кофинансирање на проект за изработка на техничка документација (инфраструктурен и основен проект) за изградба на локален пат од Пехчево до с.Спиково и с.Спиково до врска со патен правец Пехчево - Туристичка населба Равна река;

Бр. 09-335/1
04.03.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2018/2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2018/2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/2
04.03.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 04.03.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на полугодишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува полугодишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2018/2019 година.

**Член 2**

Полугодишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2018/2019 година бр.03-47/1 од 30.01.2019 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-314/1
04.03.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

***ОУ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО***




# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за

учебната 2018/2019 година

**Пехчево**
**Јануари 2019**

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО КИТАНОВ“ – ПЕХЧЕВО**

Врз основа на член 126 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010,116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018) и член 79 од Статутот на ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, Директорот на училиштето го изготви полугодишниот извештај за воспитно – образовната работа на училиштето, а Училишниот одбор на седницата одржана на ___.01.2019 година го предложи извештајот до Советот на општината.

## ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ

***Извештајот има за цел да ги презентира:***

- презентација на условите за работа во училиштето и што се е направено за нивно подобрување

- севкупната организациона поставеност и колку е реализирана Годишната програма на училиштето

- поддршка и активности за професионалниот развој на наставникот, стручните соработници и останатите вработени во училиштето

- презентација на произлезените активности во текот на првото полугодие

- аналитички приод на постигнати резултати и предлог мерки за надминување на недостатоците

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ИЗВОРИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

- Законот за основно образование
- Развојниот план на училиштето
- Годишна програма за работа на училиштето
- Статутот на училиштето
- Реализација на програмите на раководниот, стручниот кадар и останатите органи и тела во училиштето
- Статистички преглед и извештаи за бројот, структура на учениците, паралелки и успехот на учениците

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево со петте подрачни училишта (ПУ с. Црник, ПУ с. Панчарево, ПУ с. Робово, ПУ с. Умлена и ПУ с. Чифлик – во мирување) учебната 2018/2019 година ја започна на 4 септември во $8^{00}$ часот.

Првачињата и шестоодделнците свечено се примени и запознаени со своите одделенски раководители. На сите ученици им беше прочитан кодексот на однесување во училиштето и куќниот ред.

Училиштето во Пехчево наставата ја реализира во една смена од прво до деветто одделение од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот.

ПУ с. Црник е подрачно училиште во кое се застапени сите одделенија од прво до деветто одделение и тука наставата се изведува во две смени и тоа: учениците од шесто до деветто одделение се на настава во прва смена од $07^{30}$ – $13^{00}$ часот, додека учениците од прво до петто одделение се на настава во втора смена од $13^{15}$ – $18^{00}$ часот.

ПУ с. Панчарево, ПУ с.Робово и ПУ с. Умлена се подрачни училишта каде што се изведува само одделенска настава од прво до петто одделение и се работи едносменски од $08^{00}$ – $13^{00}$ часот.

Работното време на наставниците во централното училиште и ПУ во с. Робово, с. Умлена, с. Панчарево е од $08^{00}$ – $14^{00}$ часот, додека во ПУ с. Црник бидејќи е двосменско за наставниците кои предаваат од шесто до деветто одделение се прва смена од $07^{30}$ – $13^{00}$ часот, додека наставниците кои предаваат од прво до петто одделение се втора смена од $13^{00}$ – $18^{00}$ часот.

Работното време на директорот, административно техничкиот кадар, стручната служба и хигиеничарите е од $07^{00}$ – $15^{00}$ часот, со исклучок на неколку хигиеничари од централното училиште и еден хигиеничар во ПУ с. Црник.

## РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### *1. Опфат на ученици*

Во основното образование во учебната 2018/2019 година во почетокот на учебната година беа опфатени 308 ученици, но сега се опфатени 306 ученици, распоредени во 29 паралелки. Со преведница се испишани двајца ученици.

| *Училиште* | *Број на ученици* | *Број на паралелки* |
|---|---|---|
| ООУ Пехчево | 224 | 15 |
| ПУ с. Црник | 65 | 9 |
| ПУ с. Панчарево | 6 | 2 |
| ПУ с. Робово | 5 | 1 |
| ПУ с. Умлена | 6 | 2 |
| ***Вкупно*** | **306** | **29** |

ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број на ученици по одделенија на крајот на првото полугодие во учебната 2018/2019 година*

| | Македонски јазик | | Албански јазик | | Турски јазик | | Српски јазик | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* | *СЕ* | *Ж* |
| **I** | 18 | 7 | | | | | | | 18 | 7 |
| **II** | 33 | 13 | | | | | | | 33 | 13 |
| **III** | 32 | 16 | | | | | | | 32 | 16 |
| **IV** | 43 | 22 | | | | | | | 43 | 22 |
| **V** | 51 | 27 | | | | | | | 51 | 27 |
| ***I – V*** | ***177*** | ***85*** | | | | | | | ***177*** | ***85*** |
| **VI** | 33 | 15 | | | | | | | 33 | 15 |
| **VII** | 21 | 8 | | | | | | | 21 | 8 |
| **VIII** | 35 | 20 | | | | | | | 35 | 20 |
| **IX** | 40 | 20 | | | | | | | 40 | 20 |
| ***VI - IX*** | ***129*** | ***63*** | | | | | | | ***129*** | ***63*** |
| **I – IX** | **306** | **148** | | | | | | | **306** | **148** |




Значајно е да се истакне дека од година во година бројот на ученици се намалува, што придонесува да се намали и бројот на паралелки, а со тоа се загрозуваат работните места на поголем број од вработените во училиштето.

## 2. Материјално технички ресурси

Во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево заедно со подрачните училишта, просторните услови ги задоволуваат педагошките норми и стандарди. Наставата во централното училиште во Пехчево се организира и реализира на база на матични училници за одделенска настава, додека во предметна настава е на принцип на училници - кабинети и кабинети. Во летниот период до почетокот на наставната година се превземени сите потребни активности, се со цел подобрување на условите за работа и учење на учениците.

Аплицираме, правиме проекти, го поддржуваме професионалното надоградување на наставниците се со цел подобрување на условите за работа и учење и подобрување на квалитетот на наставата.

## 3. Кадровски услови

**ВРАБОТЕНИ**

Сите кадровски потреби се навремено решени, а воспитно – образовниот процес во текот на првото полугодие се изведуваше непречено.

Во училиштето вкупно вработени се 63 лица. Од вработените – 1 е директор, 2 административно технички работници, 2 се стручна служба, 1 библиотекар, 44 се наставници, 13 хигиеничари. Од наставниците 26 наставника изведуваат предметна настава од кои 21 се со ВСС, додека 5 се со ВШС. Од оние со високо образование на неопределено време со полн фонд на часови се 17 наставника, на неопределено време со неполн фонд на часови се 3 наставника, на определено време со полн фонд на часови е 1 наставник и на определено време со неполн фонд на часови се 5 наставника. Од оние со вишо образование сите се на неопределено полно работно време.

Одделенска настава изведуваат 18 наставника од кои 10 наставници се со ВСС, а 8 се со ВШС. Од нив сите 18 се на неопределено работно време со полн фонд на часови.

Раководно стручниот кадар во училиштето го сочинуваат: 1 директор, 1 педагог, 1 психолог и 1 библиотекар (со помалку од половина работно време) кои се со ВСС и се на неопределено време.

Административно техничкиот кадар го сочинуваат 1 секретар кој е со ВСС и 1 благајник, архивар, сметководител кој е со ВШС и се на неопределено работно време.

За хигиено – техничко одржување се задолжени - 9 хигиеничари со полно работно време и 2 со неполно работно време, 1 ложач на парни котли, 1 хаусмајстор.

**ПРЕГЛЕД**

*на наставниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2018/2019 година*

| **Наставен кадар по наставни јазици** | **Одделенска настава** | | | | | **Предметна настава** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | проф. | наст. | учит. | неофицијално обр. | СЕ | |
| македонски | 10 | 8 | | | 18 | 21 | 5 | | | | 26 |
| албански | | | | | | | | | | | |
| турски | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| српски | | | | | | | | | | | |
| вкупно | 10 | 8 | | | 18 | 21 | 5 | | | | 26 |

**ПРЕГЛЕД**

*на раководниот и стручниот кадар на крајот на првото полугодие од учебната 2018/2019 година*

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, помош. и зам. директор, педагог, психолог, социолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВШС | | |
| Директор | 1 | | 18 год. 5 мес. | 1 год. |
| Зам. директор | | | | |
| Пом. директор | | | | |
| Педагог | 1 | | 33 год. 8 мес. | 5 год. 3 мес |
| Психолог | 1 | | 9 год. 10 мес. | 6 год. 6 мес |
| Социолог | | | | |

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР (од август до јануари)

Во првото полугодие, наставниците ги посетиле следниве семинари и обуки: наставници од одделенска и предметна настава кои предаваат математика – Насоки за користење на збирките задачи по математика од I до IX одделение и вреднување на постигнувањата на учениците; Наставничката по француски јазик – Зајакнување на усното изразување преку креативни работилници; одделенска наставничка на I одделение – Конференција за работни постапки за деца со дислексија; наставници од одделенска и предметна настава кои предаваат математика – Математика и примена; одделенски ни предметни наставници – Современа настава-техники за активна настава, стратегии за интегриран пристап во наставата; наставници кои предаваат некој од странските јазици – Пишување ERASMUS$^{+}$ проекти.

## ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

### *1. Годишна програма за работа на училиштето*

Годишната програма за работа на училиштето беше изготвена и донесена во предвидениот законски рок и презентирана пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на општината.

Сите наставници и од предметна и од одделенска настава навремено ги изготвија и предадоа кај стручната служба своите годишни и тематски планирања (и истите дел од наставниците континуирано ги предаваат), а дел од наставниците редовно изготвуваат и дневно – оперативни планирања. Своите годишни и тематски планирања наставниците ги изготвуваат според насоките добиени од советниците од БРО и стекнатите сознанија од различните семинари и обуки кои ги имаат посетено. Стручните соработници во текот на

првото полугодие имаа посета на по еден час кај сите наставници и од предметна и од одделенска настава.

Приоритетни подрачја во Годишната програма за работа на училиштето се:

- **Цел 1 – унапредување на соработката со родителите => учество на родителите во воспитно – образовните средби во училиштето со зголемена присутност од над 70%**
- **Цел 2 – зајакнување на мотивираноста кај наставниците преку систем на награди => зголемување на бројот на наставници за учество на општински, регионални и државни натпревари**
- **Цел 3 – набавка на нови нагледни средства за потребите на наставата => подобрување и унапредување на наставата и наставниот процес**

**Првата цел** континуирано се реализира преку изнаоѓање на различни настани, активности, проекти, работилници, трибини, состаноци, пополнување на анкети, зголемено учество при донесувањето на одлуки битни за воспитно – образовната работа на учениците, се со цел за почеста и поредовна посета на училиштето од страна на родителите, а не само на предвидените родителски средби. Од голема помош во овој поглед ни дојде проектот на МОН за зголемување на соработката помеѓу училиштето и родителите со дадени активности и временска рамка кои треба да се реализираат во заедничка соработка со наставниците, родителите и учениците.

**Показатели:** изготвените извештаи од страна на наставниците за видот и начинот на соработка со родителите, записници од состаноци, изведени заклучоци од анкети, добиени аналитички резултати и сл.

**Втората цел** е во континуитет на реализација при што постојано се вршат разговори со наставниците во врска со тоа што би придонело се повеќе да бидат мотивирани за да учествуваат на различни натпревари и колку училиштето би можело да придонесе за постигнување на таа цел.

**Показатели:** зголемениот број на ученици кои учествуваат на различни видови организирани натпревари и поголемиот бриј на добиени награди и пофалници.

**Третата цел** е од доста големо значење за унапредување на наставата и наставниот процес, се со цел зголемување на знаењата кај учениците. **Показатели:** стекнување на поголеми знаења и продукција на поквалитетни знаења кај учениците.

## *2. Планирање и реализација на наставата*

### 2.1. Задолжителна настава

Реализацијата на содржините од планирана настава – задолжителни часови се реализирани околу 90%, бидејќи во првото полугодие има повеќе празници и се реализираат помалку наставни денови, но во текот на второто полугодие истите ќе бидат реализирани во поголем процент.

### 2.2. Изборни предмети

Изборните предмети кои учениците ги изучуваат во текот на оваа учебна година беа изберени за изучување според анкетите за ученици кои се извршија во месец мај за следната учебна година.

Изборен предмет во IV одделение во централното училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта е *творештво.* Во V одделение во централното училиште во Пехчево и во сите подрачни училишта е *творештво*. Во VI одделение и во централното училиште во Пехчево како изборни предмети се изучуваат *класична култура во европската цивилизација и запознавање на религиите*, а во ПУ с. Црник како изборен предмет за изучување беше избран *класична култура во европската цивилизација*. Во VII одделение изборен предмет за изучување во централното училиште во Пехчево е избран *проекти од ликовната уметност*, а исто и во VII одделение во ПУ с. Црник. Во VIIIа одделение во централното училиште во Пехчево е избран *унапредување на здравјето и истражување на родниот крај*, во VIIIб одделение во централното училиште во Пехчево е избран *вештини за живеење,* а во VIII одделение во ПУ с. Црник изборен предмет за изучување е избран *вештини за живеење.* Во IXа одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *вештини за живеење*, а во IXб одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет за изучување е избран *унапредување на здравјето, а* во ПУ с. Црник како изборни предмети се *избрани истражување на родниот крај и техничко образование.*

### 2.3. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за учениците кои послабо напредуваат и имаа потешкотии при совладувањето на наставниот материјал од второ до деветто одделение. Според индивидуалните согледувања наставникот дава определби во кои области учениците заостануваат и спроведува дополнителни часови за таквите ученици. Темпото и бројот на ученици вклучени во дополнителна настава зависи од тековното совладување на наставните содржини.

### 2.4. Додатна настава

Ваков вид на настава се организира за учениците од второ до деветто одделение кои според согледувањата на наставниците покажуваат посебен интерес и посебни способности по одредени предмети заради проширување и зголемување на сектарот на стекнување на знаења.

### 2.5. Одделенски час

Одделенскиот час или Животни вештини е задолжителен за сите ученици од второ до деветто одделение, а во прво одделение се изучува во склоп на другите предмети и не е издвоен како посебен час. Одделенскиот час се реализира со еден час неделно во сите одделенија од предметна и од одделенска настава.

### 2.6. Реализација на развојно – истражувачки проекти и други иновации

Во училиштето успешно се спроведуваат и реализираат повеќе проекти:

- проектот Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта;
- проектот Професионални заедници за учење;
- проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието;
- програмата за Јазична писменост во почетните одделенија;
- програмата за Математика со размислување во почетните одделенија;

- новите наставни програми по математика, физика, биологија и природни науки според Кембриџ;
-
- програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“;
-спроведување на различни иновативни работилници од страна на стручните соработници во училиштето наменети за учениците;
- програмата за Животни вештини од второ до деветто одделение;
- програмата за описно оценување на учениците од прво до третто одделение;
- проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, во кои постои заедничка меѓусебна соработка помеѓу наставниците, родителите и учениците, организиран од страна на МОН;

### 2.7. Слободни ученички активности

Преку СУА се поттикнува детската фантазија, креативност, љубопитност, самостојност, желба за афирмација на детската личност. Слободните ученички активности беа реализирани преку работата на секциите во училиштето од страна на одговорните наставници со однапред изготвени програми за работа согласно Наставниот план и програма за одделенска и предметна настава.

### 2.8. Успехот и редовноста на учениците

Во интерес на реалното согледување на успехот и редовноста на учениците во текот на првото полугодие, а со цел постоење на методолошка оправданост при анализа на успехот и радовноста на учениците користени се методи и принципи на анализа, синтеза, генерализација, компаративност и реалност. За извор на информации и споредување на резултатите се користени статистички податоци според пол, возраст, национален статус на учениците последователно во четири периоди низ целата учебна година. Во долу дадената табела споредбено се дадени статистички податоци за средниот постигнат успех на полугодие на учениците во последните три учебни години:

| **СРЕДЕН УСПЕХ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ПОЛУГОДИЕ 2016/2017*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2017/2018*** | | | ***ПОЛУГОДИЕ 2018/2019*** | | |
| **IV**<br>**V** | 3,96<br>3,82 | **среден успех** | **IV**<br>**V** | 4,03<br>3,83 | **среден успех** | **IV**<br>**V** | 4,05<br>3,91 | **среден успех** |
| **VI - VIII** | 3,49 | **3,76** | **VI – VIII** | 3,31 | **3,72** | **VI - IX** | 3,51 | **3,82** |

Во споредба со успехот на полугодие во учебната 2017/2018 и успехот на полугодие оваа учебна година се забележува дека успехот на полугодие на учебната 2018/2019 година е повисок во споредба со оној на полугодие од учебната 2017/2018 учебна година, односно со успехот на полугодие во учебната 2017/2018 изнесувал 3,72, а успехот на полугодие оваа учебна година изнесува исто 3,82, при што наша претпоставка е дека оваа ситуација се должи на континуираноста во оценувањето од страна на самите наставници. Успехот на полугодие во учебната 2016/2017 е понизок за 0,06 проценти во споредба со успехот на полугодие оваа учебна година кој изнесува 3,82.

## ПРЕГЛЕД

*на средниот успех по одделенија на полугодие последните три учебни години*

| СРЕДЕН УСПЕХ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Полугодие 2016/2017** | | | **Полугодие 2017/2018** | | | **Полугодие 2018/2019** | | |
| **одд** | **среден успех** | **изостаноци по ученик** | **одд** | **среден успех** | **изостаноци по ученик** | **одд** | **среден успех** | **изостаноци по ученик** |
| **I** | Описно се оценети | 0,06 | **I** | Описно се оценети | 1,39 | **I** | Описно се оценети | 9,50 |
| **II** | | 1,57 | **II** | | 4,43 | **II** | | 3,73 |
| **III** | | 1,14 | **III** | | 2,97 | **III** | | 2,88 |
| **IV** | 3,96 | 1,58 | **IV** | 4,03 | 0,38 | **IV** | 4,05 | 4,29 |
| **V** | 3,82 | 1,84 | **V** | 3,83 | 3,91 | **V** | 3,91 | 1,77 |
| **VI** | 3,67 | 6,02 | **VI** | 2,93 | 16,45 | **VI** | 3,58 | 7,58 |
| **VII** | 3,64 | 3,11 | **VII** | 3,40 | 7,70 | **VII** | 3,16 | 7,09 |
| **VIII** | 3,18 | 7,65 | **VIII** | 3,65 | 12,39 | **VIII** | 3,59 | 5,96 |
| **IX** | 3,48 | 5,25 | **IX** | 3,26 | 20,08 | **IX** | 3,69 | 11,15 |









При вршење на споредба на минатогодишниот полугодишен успех и полугодишниот успех оваа учебна година по одделенија се согледува следното:

- успехот на петто одделение минатата учебна година сега шесто одделение е намален од 3,83 на 3,58, односно за 0,25;

- општо земено полугодишниот успех оваа учебна година е повисок (3,82) во споредба со полугодишниот успех од минатата учебна година (3,72), а исто така е повискок во споредба со полугодишниот испех од учебната 2016/2017 година кеде изнесувал 3,76.

Оваа учебна година согласно Законот за основно образование, Статутот на ООУ „Ванчо Китанов“ и Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците се изречени следните педагошки мерки:

- Педагошки мерки – укор и усна опомена на ученикот Иса Халити поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати и од 4-6 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 23.10.2018 година;
- Педагошки мерки – писмена опомена и намалување на поведението на добро на ученикот Иса Халити поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 7-10 пати и од 16-20 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 09.11.2018 година;
- Педагошка мерка – укор и усна опомена на ученикот Мехмет Грутков поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати и од 4-6 пати во одделенската книга), поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати и од 3-5 пати на маестото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 09.11.2018 година;
- Педагошка мерка – писмена опомена, на ученикот Мехмет Грутков поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга  на местото на забелешки од шест до девет пати, и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 09.11.2018година, од страна на Одделенскио совет, Наставничкиот совет и Директорот при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево;
- Педагошка мерка – намалување на поведението на добро на ученикот Мехмет Грутков поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга  на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 31.12.2018 година, од страна на Одделенскио совет, Наставничкиот совет и Директорот при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Петар Костовски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран до два пати во одделенската книга на местото за забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 26.11.2018 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Бојан Постоловски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга на местото на забелешки до 2 пати би непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 26.11.2018 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Озѓан Алиевски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран до два

пати во одделенската книга на местото за забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 05.1.2018 година;

- Педагошка мерка – укор на ученикот Кадир Кампелезов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран до два пати во одделенската книга на местото за забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.12.2018 година;

Сумирано, во првото полугодие од учебната 2018/2019 година се изречени вкупно 12 педагошки мерки, од кои:

- укор на 6 ученика;
- усна опомена на 2 ученика;
- писмена опомена на 2 ученика;
- намалување на поведението на добро на 2 ученика.

**ПРЕГЛЕД**

***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2018/2019 година***

***само за централното училиште во Пехчево (без подрачните училишта)***

| **реден бр.** | **одделение** | **среден успех** | **реден бр.** | **одделение** | **изостаноци по ученик** |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | **IVa** | 4,64 | *1* | **IVa** | 3,71 |
| *2* | **IVб** | 4,11 | *2* | **IVб** | 4,62 |
| *3* | **Va** | 3,61 | *3* | **Va** | 2,53 |
| *4* | **Vб** | 4,33 | *4* | **Vб** | 2,10 |
| *5* | **VIa** | 3,77 | *5* | **VIa** | 11,50 |
| *6* | **VIб** | 3,65 | *6* | **VIб** | 18,00 |
| *7* | **VII** | 3,71 | *7* | **VII** | 9,69 |
| *8* | **VIIIa** | 4,33 | *8* | **VIIIa** | 5,13 |
| *9* | **VIIIб** | 3,40 | *9* | **VIIIб** | 12,50 |
| *10* | **IXa** | 4,00 | *10* | **IXa** | 22,40 |
| *11* | **IXб** | 3,70 | *11* | **IXб** | 17,35 |







Преку увидот од табеларниот преглед за успехот на учениците и редовноста се забележува следното:

-со највисок успех од одделенска настава се IVа одделение, а

-со највисок успех од предметна настава се VIIIа одделение;

-најголем број на изостаноци по ученик се забележуваат во IXа одделение, најчесто поради болест.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2018/2019 година во централното училиште во Пехчево***

| IV одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 4,28 |

| | |
|---|---|
| Математика | 4,16 |
| Англиски јазик | 3,97 |
| Ликовно образование | 4,45 |
| Музичко образование | 4,48 |
| Природни науки | 4,28 |
| Техничко образование | 4,44 |
| Општество | 4,32 |
| Физичко образование | 4,77 |
| Работа со компјутери и основи на програмирањето | 4,5 |
| **Изборен предмет** | |
| Творештво | 4,48 |
| **Среден успех на четврто одделенија** | **4,65** |




Преку анализа на успехот по предмети во четврто одделение се забележува следното:

-најдобар е успехот по физичко образование 4,77;

-најслаб е успехот по англиски јазик 3,97;

-среден успех на четврто одделение е 4,65.

| **V одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,94 |
| Математика | 3,60 |
| Англиски јазик | 3,89 |
| Ликовно образование | 4,30 |
| Музичко образование | 3,91 |
| Природни науки | 3,91 |
| Техничко образование | 4,05 |
| Општество | 3,39 |
| Физичко образование | 4,38 |

| | |
|---|---|
| Работа со компјутери и основи на програмирањето | 4,23 |
| **Изборен предмет** | |
| Творештво | 4,10 |
| **Среден успех на петтите одделенија** | **3,97** |




Преку анализа на успехот по предмети во петто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по ликовно образование 4,30
-најслаб е успехот по општество 3,39;
-среден успех на петто одделение е 3,97.

| **VI одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,63 |
| Математика | 2,74 |
| Англиски јазик | 3,29 |
| Француски јазик | 4,25 |
| Германски јазик | 4,00 |
| Ликовно образование | 4,19 |
| Музичко образование | 3,45 |
| Техничко образование | 3,88 |
| Информатика | 3,85 |
| Географија | 3,60 |
| Историја | 3,63 |
| Природни науки | 3,49 |
| Физичко образование | 4,14 |
| **Изборен предмет** | |
| Класична култура во европската цивилизација | 3,54 |
| Запознавање со религиите | 4,08 |
| **Среден успех на шеститите одделенија** | **3,72** |




Преку анализа на успехот по предмети во шесто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по француски јазик 4,25;
-најслаб е успехот по математика 2,74;
-среден успех на шесто одделение е 3,72.

| **VII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,68 |
| Математика | 3,12 |
| Англиски јазик | 3,68 |
| Француски јазик | 3,18 |
| Германски јазик | 3,80 |
| Ликовно образование | 4,31 |
| Музичко образование | 3,97 |
| Информатика | 3,75 |
| Географија | 3,75 |
| Историја | 3,62 |
| Етика | 3,43 |
| Биологија | 3,37 |
| Физичко образование | 3,87 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од ликовна уметност | 4,56 |
| **Среден успех на седмите одделенија** | **3,72** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет проекти од ликовна уметност 4,56;
-најслаб е успехот по математика 3,12;
-среден успех на седмо одделение е 3,72.

| **VIII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,93 |
| Математика | 3,56 |
| Англиски јазик | 3,79 |
| Француски јазик | 2,80 |
| Германски јазик | 3,68 |
| Ликовно образование | 4,36 |
| Музичко образование | 4,07 |
| Географија | 3,77 |
| Историја | 3,64 |
| Граѓанско образование | 4,38 |
| Биологија | 3,44 |
| Физика | 3,73 |
| Хемија | 3,64 |
| Физичко образование | 4,37 |
| **Изборен предмет** | |
| Унапредување на здравјето | 4,71 |
| Истражување на родниот крај | 4,75 |
| Вештини за живеење | 3,91 |
| **Среден успех на осмите одделенија** | **4,07** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет – истражување на родниот крај 4,75;
-најслаб е успехот по француски јазик 2,80;
-среден успех на осмо одделение е 4,07.

| **IX одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,83 |
| Математика | 3,35 |
| Англиски јазик | 3,33 |
| Француски јазик | 3,36 |
| Германски јазик | 3,22 |
| Ликовно образование | 4,15 |
| Музичко образование | 3,75 |
| Географија | 4,00 |
| Историја | 3,93 |
| Граѓанско образование | 4,29 |
| Биологија | 3,57 |
| Физика | 3,82 |
| Хемија | 3,79 |
| Иновации | 3,96 |
| Физичко образование | 4,31 |
| **Изборен предмет** | |
| Унапредување на здравјето | 4,29 |
| Вештини за живеење | 4,53 |
| **Среден успех на деветите одделенија** | **3,85** |




Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет вештини за живеење 4,53;
-најслаб е успехот по германски јазик 3,22;
-среден успех на деветто одделение е 3,85.

**ПРЕГЛЕД**
***Успехот и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие во учебната 2018/2019 година***
***во ПУ с Црник***

| | **одделение** | **Среден успех** |
|---|---|---|
| *1* | **IV** | 3,36 |
| *2* | **V** | 3,26 |
| *3* | **VI** | 3,31 |
| *4* | **VII** | 2,60 |
| *5* | **VIII** | 3,05 |
| *6* | **IX** | 3,36 |

| **Реден бр.** | **одделение** | **Изостаноци по ученик** |
|---|---|---|
| *1* | **IV** | 42,40 |
| *2* | **V** | 7,60 |
| *3* | **VI** | 14,33 |
| *4* | **VII** | 26,17 |
| *5* | **VIII** | 23,75 |
| *6* | **IX** | 29,88 |







Од увидот на табелата јасно се гледа дека:
-најдобро по успех е IV  и IXодделение;
-најслабо по успех е VII одделение;
-најмногу изостаноци по ученик се забелжани во IV одделение;
-најмал број на изостаноци се забележани во V одделение.

Споредбено со успехот во централното училиште во ПУ с. Црник средниот успех на учениците е послаб, но во овој случај битно е да се напомене дека ПУ с. Црник е мултинационално училиште во кое што учат ученици од четири различни националности и тоа македонска, турска, ромска националност и бошњак, при што според бројноста на учениците во најголем број се застапени ученици од ромска националност, потоа се учениците од турска, додека најмала е бројноста на ученици од македонска националност

кој што е сведен на минимум (односно само 1 ученик). Во второ одделение има еден ученик кој по националност е бошњак. Исто така и во ПУ с. Црник има намалување на бројот на ученици од година во година, а причина за тоа е заминувањето во странство. По завршетокот на првото полугодие од ПУ с. Црник двајца ученика имаат земено преведница (V и VII одделение) поради заминување во странство. Оваа учебна година во подрачното училиште во с. Црник има запишано најмал број на првачиња (3 ученика), а воедно и бројот на ученици во ова училиште е најмал во последните десетина години.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот по одделенија и предмети на крајот од првото полугодие во учебната 2018/2019 година во ПУ с. Црник***

| **IV одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,20 |
| Математика | 3,20 |
| Англиски јазик | 3,30 |
| Ликовно образование | 3,40 |
| Музичко образование | 3,50 |
| Природни науки | 3,10 |
| Техничко образование | 3,20 |
| Општество | 3,20 |
| Физичко образование | 3,60 |
| Работа со компјутери и основи на програмирањето | 3,60 |
| **Изборен предмет** | |
| Творештво | 3,70 |
| **Среден успех на четврто одделение** | **3,36** |



Преку анализа на успехот по предмети во четврто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет - творештво 3,70;
-најслаб е успехот по природни науки 2,80;
-среден успех на четврто одделение е 3,21.

| V одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,00 |
| Математика | 2,40 |
| Англиски јазик | 2,70 |
| Ликовно образование | 4,00 |
| Музичко образование | 3,30 |
| Природни науки | 3,20 |
| Техничко образование | 3,20 |
| Општество | 2,70 |
| Физичко образование | 4,40 |
| Работа со компјутери и основи на програмирањето | 3,60 |
| **Изборен предмет** | |
| Творештво | 3,40 |
| **Среден успех на петто одделение** | **3,26** |




Преку анализа на успехот по предмети во петто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по физичко образование 4,40;
-најслаб е успехот по математика 2,40;
-среден успех на петто одделение е 3,26.

| VI одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,17 |
| Математика | 3,00 |
| Англиски јазик | 2,67 |
| Француски јазик | 2,83 |
| Ликовно образование | 4,00 |
| Музичко образование | 3,67 |
| Техничко образование | 3,50 |
| Информатика | 3,67 |
| Географија | 3,00 |
| Историја | 3,50 |
| Природни науки | 3,67 |
| Физичко образование | 4,00 |
| **Изборен предмет** | |
| Класична култура на европката цивилизација | 2,33 |
| **Среден успех на шесто одделение** | **3,31** |




Преку анализа на успехот по предмети во шесто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по физичко образование и ликовно образование 4,00;
-најслаб е успехот по англиски јазик 2,67;
-среден успех на шесто одделение е 3,31.

| VII одделение | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 2,67 |
| Математика | 2,00 |
| Англиски јазик | 2,33 |
| Француски јазик | 1,83 |
| Ликовно образование | 3,17 |

| | |
|---|---|
| Музичко образование | 2,33 |
| Информатика | 2,67 |
| Географија | 2,00 |
| Историја | 2,67 |
| Етика | 2,67 |
| Биологија | 2,17 |
| Физичко образование | 3,83 |
| **Изборен предмет** | |
| Проекти од ликовна уметност | 3,50 |
| **Среден успех на седмо одделение** | **2,60** |




Преку анализа на успехот по предмети во седмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по физичко образование 3,83;
-најслаб е успехот по француски јазик 1,83;
-среден успех на седмо одделение е 2,60.

| **VIII одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,12 |
| Математика | 2,75 |
| Англиски јазик | 2,75 |
| Француски јазик | 2,00 |
| Ликовно образование | 3,25 |
| Музичко образование | 3,12 |
| Географија | 2,62 |
| Историја | 3,37 |
| Граѓанско образование | 3,37 |
| Биологија | 2,12 |
| Физика | 3,37 |
| Хемија | 2,87 |
| Физичко образование | 3,75 |

| | |
|---|---|
| **Изборен предмет** | |
| Вештини за живеење | 4,25 |
| **Среден успех на осмо одделение** | **3,05** |




Преку анализа на успехот по предмети во осмо одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет вештини за живеење 4,25;
-најслаб е успехот по француски јазик 2,00;
-среден успех на осмо одделение е 3,05.

| **IX одделение** | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 3,25 |
| Математика | 3,13 |
| Англиски јазик | 2,50 |
| Француски јазик | 2,25 |
| Ликовно образование | 4,12 |
| Музичко образование | 3,88 |
| Географија | 3,38 |
| Историја | 3,00 |
| Граѓанско образование | 3,75 |
| Биологија | 3,25 |
| Физика | 3,37 |
| Хемија | 2,63 |
| Иновации | 3,23 |
| Физичко образование | 3,88 |
| **Изборен предмет** | |
| Истражување на родниот крај | 4,25 |
| Техничко образование | 4,00 |
| **Среден успех на девето одделение** | **3,36** |




Преку анализа на успехот по предмети во деветто одделение се забележува следното:
-најдобар е успехот по изборниот предмет – истражување на родниот крај 4,25;
-најслаб е успехот по англиски јазик 2,50;
-среден успех на деветто одделение е 3,36.

**ПРЕГЛЕД**

***Анализа на успехот во IV и V одделение на крајот од првото полугодие во учебната 2018/2019 година***

| **Пехчево** | | **ПУ с. Црник** | | **ПУ с. Умлена** | | **ПУ с. Робово** | | **ПУ с.Панчарево** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Одд*** | ***Среден успех*** | ***одд*** | ***Среден успех*** | ***одд*** | ***Среден успех*** | ***одд*** | ***Среден успех*** | ***одд*** | ***Среден успех*** |
| **IV** | 4,38 | **IV** | 3,36 | **IV** | 3,73 | **IV** | 0,00 | **IV** | 3,41 |
| **V** | 3,97 | **V** | 3,26 | **V** | 4,36 | **V** | 0,00 | **V** | 4,00 |


Среден успех-Пехчево
Среден успех
4,38
3,97
4,4
4,2
4
3,8
3,6
Одд
IV
V
Среден успех


Среден успех-ПУ с.Црник
Среден успех
3,36
3,26
3,4
3,35
3,3
3,25
3,2
одд
IV
V


Среден успех- ПУ с.Умлена
Среден успех
4,36
3,73
4,4
4,2
4
3,8
3,6
3,4
одд
IV
V







Учениците од прво до третто одделение во сите периоди се оценуваат описно. Учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано, и бројчано и описно. На двете тримесечја овие ученици се оценети описно, додека на полугодие и на крајот од учебната година се оценети бројчано.

Доколку се спореди успехот и поведението на учениците од четврто и петто одделение во Пехчево и подрачните училишта се забележува следното:

- најдобри по успех од четврто одделение се во Пехчево со просек 4,38, додека најслаби се во ПУ с. Црник со просек 3,36;
- најдобри по успех од петто одделение се учениците од ПУ с. Умлена со просек 4,36, додека најслаби се учениците од ПУ с. Црник со просек 3,26;
- според поведението, процентуално, сите ученици од четврто и петто одделение се со примерно поведение и во централното и во подрачните училишта.

## Активности на учениците

Училиштето ја реализира програмата „Интеграција на еколошкта едукација во македонскиот образовен систем“, каде што учениците за време на редовните часови реализираат разновидни еко содржини и еко активности во склоп на програмата, а преку еко одборот во кој што активна улога имаат и самите ученици се овозможуваат, поддржуваат и реализираат активности од самата програма.

Во соработка со наставниците и родителите преку проектот од МОН, учениците се вклучени во реализација на различни активности предвидени со програмата, како што се организирање на заеднички работилници, заедничка посета на театарска претстава, спроведување на заеднички еколошки акции, заедничко учество на предавања на различни теми и сл.

Од оваа учебна година училиштето е вклучено во проектот Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта каде наставниците се задолжени да реализираат активности поврзани со антикорупциски содржини (квизови, театарска претстава, литературен или ликовен натпревар и сл.) во конекција со предметот граѓанско образование или животни вештини.

Исто така училиштето е вклучено и во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието каде што учениците на одделенскиот час или на редовните часови каде наставниците се во можност се запознаваат со карактеристиките на различни култури и етникуми кои живеат во нашата држава. Исто така голема би била улогата на ученичката заедница во склоп на овој проект доколку би се обезбедило партнер училиште, преку заедничките активности што би требало да се спроведат со ученичката заедница од партнер училиштето.

Ученичката организација организира разновидни активности и акции од хуманитарен карактер, во зависност од потребите и спецификите на превземената активност.

Исто така учениците имаат доста активна улога во програмата организирана од Општина Пехчево, по повод денот на ослободувањето на Пехчево.

Дел од други активности во кои учениците активно се вклучени се:

- Приемот на првачиња во детската организација со свеченост организирана од страна на наставниците од одделенска настава;
- Активности околу одбележувањето на денот на учителот 5 октомври;
- Одбележување на 16 октомври – денот на загинувањето на мега ѕвездата Тоше Проески;
- Учество на спортските екипи на меѓуопштински училишни натпревари;
- Учество на различни општински и државни натпревари;
- Предавања и работилници на различни теми организирани од стручните соработници во училиштето и стручни лица од страна на родителите.

Секој чекор кој го правиме е чекор повеќе кој не води напред. Малите неуспеси не не обесхрабруваат туку ни даваат поттик да одиме напред со нови сили, поголем мотив за постигнување на подобри резултати.

*Наш интерес е секој воспитно – образовен предизвик да го ставиме во функција на ученикот, родителот, заедницата и локалната средина.*

***„Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот.“***

Училишен одбор при
ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево
Претседател

_______________________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за определување на крајбрежниот појас на селска река во општина Пехчево, опфатен со урбанистички план за с.Црник**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на крајбрежниот појас на селска река во општина Пехчево, опфатен со урбанистички план за с.Црник, што советот на општина Пехчево ја донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/3
04.03.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од Законот за Законот за води (Службен весник на РМ, бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/0, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 04.03.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КРАЈБРЕЖНИОТ ПОЈАС НА СЕЛСКА РЕКА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО, ОПФАТЕН СО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ЦРНИК, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се определува широчината на крајбрежен појас на водотекот на Селска Река низ населено место Црник, Општина Пехчево, дефинирана со координати при влез на Селска Река во точка Т1 Y – 7656354.6 X- 4632989.6 (стационажа 0+000.00) и при излез во точка Т2 Y – 7656993.1 X-4632110.5 (стационажа 1+200.00), а заради заштита и одржување на природното и уреденото речно корито и брегот на реката.

Член 2

Широчината на крајбрежниот појас на водотекот Селска Река опфатен со урбанистички план за село Црник, Општина Пехчево од крајната линија на регулацијата на речното корито ќе изнесува најмалку 3m.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог Урбанистички план за село Црник, Општина Пехчево - Синтезен план во размер 1:1000 и геодетски координати за опфатот.

Член 4

Одлуката влегува на сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево, а по претходно добиена согласност од Министество за животна средина и просторно планирање.

Бр.08-315/1

Совет на општина Пехчево

| | |
|---|---|
| 04.03.2019 година | Претседател |
| Пехчево | Николчо Јовчев с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за определување на крајбрежниот појас на Негревска река Поток 1 и Поток 2, во општина Пехчево, опфатен со урбанистички план за с.Негрево, општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на крајбрежниот појас на Негревска река Поток 1 и Поток 2, во општина Пехчево, опфатен со урбанистички план за с.Негрево, општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/4 Градоначалник на
04.03.2019 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

| јуни | 187.587,00 | 98.406,00 | 36.970.032,00 | 20.317.022,00 | **57.287.054,00** | **57.573.047,00** |
| јули | 1.884.789,00 | 205.582,00 | 36.950.032,00 | 19.612.797,00 | **56.562.829,00** | **58.653.200,00** |
| август | 8.965.255,00 | 2.121.146,00 | 36.950.032,00 | 19.141.651,00 | **56.091.683,00** | **67.178.084,00** |
| септември | 192.355,00 | 8.842.821,00 | 36.950.032,00 | 20.938.165,00 | **57.888.197,00** | **66.923.373,00** |
| октомври | 242.389,00 | 119.892,00 | 36.920.032,00 | 23.680.204,00 | **60.600.236,00** | **60.962.517,00** |
| ноември | 1.298.362,00 | 134.643,00 | 36.335.774,00 | 19.026.994,00 | **55.362.768,00** | **56.795.773,00** |
| декември | 447.499,00 | 1.183.229,00 | 36.508.653,00 | 19.003.370,00 | **55.512.023,00** | **57.142.751,00** |

**Образложение:**

*(во денари)*

| **Расходна ставка** | **Вкупно обврски** |
|---|---|
| 401 | 0,00 |
| 402 | 0,00 |
| 403 | 0,00 |
| 404 | 1.919.729,00 |
| 411 | 0,00 |
| 412 | 0,00 |
| 413 | 0,00 |
| 414 | 0,00 |
| 420 | 88.870,00 |
| 421 | 5.628.092,00 |
| 423 | 799.148,00 |
| 424 | 5.278.367,00 |
| 425 | 3.788.396,00 |
| 426 | 1.534.707,00 |
| 427 | 656.687,00 |
| 451 | 0,00 |
| 452 | 0,00 |
| 453 | 0,00 |
| 461 | 0,00 |
| 462 | 0,00 |
| 463 | 19.000,00 |
| 464 | 5.784.808,00 |
| 465 | 0,00 |
| 471 | 0,00 |
| 472 | 0,00 |
| 473 | 0,00 |
| 474 | 0,00 |
| 480 | 4.193.516,00 |
| 481 | 4.162.846,00 |
| 482 | 23.142.595,00 |
| 483 | 35.990,00 |
| 484 | 0,00 |
| 485 | 110.000,00 |
| 486 | 0,00 |
| 487 | 0,00 |
| 488 | 0,00 |
| 489 | 0,00 |
| 491 | 0,00 |
| 492 | 0,00 |
| 493 | 0,00 |
| **Тотал** | **57.142.751,00** |

Лице за контакт

Име и презиме и тел.број: Анита Каракашовска - 033/441-321

Овластено лице (печат и потпис):

______________________________

**Образец КЗ**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Општина:** | **Пехчево** | | |
| **Извештаен период :** | **01.01.2018 год.** | **година до** | **31.12.2018 год.** **година** |
| | ( ден, месец, година) | | ( ден, месец, година) |
| **Датум на поднесување на извешта** | **28.01.2019 год.** | | |
| | ( ден, месец, година) | | |

**Долг на општината**

*( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот |
| 1 | 03-515/1 | Набавка на специјално возило за смет | Министерство за финансии на РМ | МК Денар | 4.195.000 | 0,00% | 10 год. | 3 год. | 4.195.000 | да | в | 10.08.2014 | 10.02.2021 | 10.02.2012 | 10.02.2021 | 0 | 0 | / | 100.000 | 0 | 26.12.2018 | -250.000 | 0 | 1.348.222 | 1.248.222 |
| 2 | 03-1982/1 | Изградба на улици во с. Робово и с. Панчарево | Министерство за финансии на РМ | МК Денар | 7.705.258 | 0,18% | 13 год. | 3 год. | 6.814.777 | да | в | 10.02.2017 | 10.08.2026 | 10.02.2014 | 10.08.2026 | 0 | 0 | / | 300.000 | 0 | 01.10.2018 / 18.10.2018 / 01.11.2018 / 22.11.2018 | -300.000 | 0 | 5.451.821 | 5.151.821 |
| 3 | 03-964/1 | Поддршка во реализација на проектот од ИПА програмата ИНТЕРРЕГ | Македонска банка за поддршка на развојот | МК Денар | 6.600.000 | 6% | 1 год. | 6 месеци | 6.600.000 | да | б | 15.04.2019 | 15.07.2019 | 15.10.2018 | 15.07.2019 | 0 | 80.059 | 15.10.2018 | 0 | 145.714 | 15.10.2018 / 16.10.2018 / 22.11.2018 / 26.12.2018 | 0 | -65.655 | 6.600.000 | 6.600.000 |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината**

*( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит | Периодичност на отплата* | Датум на отплата на главнина | | Датум на отплата на камата | | Достасана обврска ( во извештајниот период) | | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период) | | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период) | | Состојба на долгот за извештајниот период** | | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | % | | | | (да/не) | (а, б, в, г,д) | Прв | Последен | Прв | Последен | Главница | Камата | | Главница | Камата | | Главница | Камата | на почетокот | на крајот | |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Стр. 58

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлука за усвојување на завршна сметка на општина Пехчево за 2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на завршна сметка на општина Пехчево за 2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/9 Градоначалник на
04.03.2019 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 04.03.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на завршната сметка на општина Пехчево за 2018 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесе одлука за усвојување на завршната сметка на општина Пехчево за 2018 година.

**Член 2**

Завршната сметка на општина Пехчево за 2018 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-321/1 Совет на општина Пехчево
04.03.2019 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РСМ број 5/02) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РСМ" бр.61/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), Советот на општина Пехчево на 17-тата седница одржана на ден 04.03.2019 година, донесе

# ЗАВРШНА СМЕТКА
# НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2018 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **144.667.497** | **95.335.016** |
| даночни приходи | 10.535.000 | 7.348.517 |
| неданочни приходи | 7.374.618 | 4.456.359 |
| капитални приходи | 6.760.000 | 468.185 |
| приходи од дотации | 47.714.279 | 41.894.605 |
| трансфери | 27.283.000 | 16.917.642 |
| донации | 45.000.600 | 24.076.708 |
| **Вкупни расходи** | **141.667.497** | **97.577.290** |
| - утврдени намени | 141.492.497 | 97.577.290 |
| - резерви | 175.000 | 0 |
| **Дефицит** | **3.000.000** | **-2.415.274** |
| **Финансирање** | **-3.000.000** | **2.41** |
| **<u>Прилив</u>** | **6.600.000** | **5.051.417** |
| - продажба на хартии од вредност | | |
| - приливи од домашен заем | 6.600.000 | 6.600.000 |
| - приливи од странски заем | | |
| - други приливи (депозити) | | -1.548.583 |
| **<u>Одлив (отплата на главнина)</u>** | **9.600.000** | **2.636.143** |
| - отплата на главница | 9.600.000 | 2.636.143 |

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Пехчево на 31.12.2018 година изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| **-Салдо на 31-12-2018** | **10.183.507** | **денари** |
| Салдо основен буџет | 927.327 | денари |
| Салдо буџет дотации | 9.064.943 | денари |
| Салдо буџет самофинансирачки активности | 166.189 | денари |
| Салдо буџет донации | 25.048 | денари |

Салдото на основниот буџет во износ од 927.327 денари се пренесува како приход на основниот буџет на општина Пехчево за 2019 година.

Салдото на буџетот на дотации во износ од 9.064.943 денари се пренесува како приход на буџетот на дотации на општина Пехчево за 2019 година.

Салдото на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 166.189 денари се пренесува како приход на буџетот на самофинасирачки активности на општина Пехчево за 2019 година.

Салдото на буџетот на донации во износ од 25.048 денари се пренесува како приход на буџетот на донации на општина Пехчево за 2019 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на општина Пехчево за 2018 година и тоа како што следува:

| БУЏЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО | Основен буџет | | Дотации | | Самофинасирачки активности | | Донации | | Кредити | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **46.133.000** | **26.325.445** | **47.714.279** | **38.988.436** | **5.819.618** | **3.687.888** | **45.000.600** | **24.611.664** | **6.600.000** | **6.600.000** | **151.267.497** | **100.213.433** |
| **Плати наемнини и надоместоци** | **10.168.000** | **7.072.129** | **33.522.250** | **31.566.052** | **0** | **0** | **80.000** | **77.504** | **0** | **0** | **43.770.250** | **38.715.685** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 6.866.000 | 5.057.493 | 24.248.150 | 22.972.989 | | | 80.000 | 77.504 | | | 31.194.150 | 28.107.986 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 2.366.000 | 1.812.660 | 9.174.100 | 8.496.728 | | | | | | | 11.540.100 | 10.309.388 |
| 404 Надоместоци | 936.000 | 201.976 | 100.000 | 96.335 | | | | | | | 1.036.000 | 298.311 |
| **Резерви и недефинирани расходи** | **175.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **175.000** | **0** |
| 411 Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100.000 | | | | | | | | | | 100.000 | 0 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 75.000 | | | | | | | | | | 75.000 | 0 |
| **Стоки и услуги** | **12.720.000** | **8.633.382** | **9.823.677** | **6.363.121** | **5.359.618** | **3.563.614** | **5.100.600** | **3.467.409** | **0** | **0** | **33.003.895** | **22.027.526** |
| 420 Патни и дневни расходи | 135.000 | 23.500 | 95.000 | 26.563 | 65.000 | 22.200 | 380.000 | 300.972 | | | 675.000 | 373.235 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.355.000 | 2.797.129 | 3.676.500 | 2.810.252 | 515.000 | 57.675 | 20.000 | 0 | | | 7.566.500 | 5.665.056 |
| 423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 1.385.000 | 826.471 | 1.825.795 | 892.534 | 3.707.957 | 2.847.208 | 708.600 | 359.938 | | | 7.627.352 | 4.926.151 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 1.335.000 | 617.949 | 1.080.000 | 269.372 | 234.661 | 123.405 | 35.000 | 33.040 | | | 2.684.661 | 1.043.766 |
| 425 Договорни услуги | 2.590.000 | 852.635 | 2.152.345 | 1.553.920 | 580.000 | 313.948 | 3.727.000 | 2.702.659 | | | 9.049.345 | 5.423.335 |
| 426 Други тековни расходи | 1.120.000 | 888.165 | 260.019 | 101.216 | 257.000 | 199.178 | 230.000 | 70.800 | | | 1.867.019 | 1.259.359 |
| 427 Привремени вработувања | 2.800.000 | 2.627.533 | 734.018 | 709.264 | | | | | | | 3.534.018 | 3.336.797 |
| **Тековни трансфери до вонбуџетските фондови** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 43 Трансфери до фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | | | | |
| 432 Трансфери до Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 433 Трансфери до Фондот за здравство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **44 Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 441 Дотации од ДДВ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 442 Наменски дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 443 Блок дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 444 Дотации за делегирани по одделни надлежности | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **45 Каматни плаќања** | **615.000** | **228.573** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **615.000** | **228.573** |
| 451 Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 615.000 | 228.573 | | | | | | | | | 615.000 | 228.573 |
| 453 Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **2.815.000** | **1.431.059** | **305.344** | **102.655** | **0** | **0** | **14.100.000** | **755.717** | **6.600.000** | **6.600.000** | **23.820.344** | **8.889.431** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 462 Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 315.000 | 15.300 | | | | | | | | | 315.000 | 15.300 |
| 464 Разни трансфери | 2.500.000 | 1.415.759 | 305.344 | 102.655 | | | 14.100.000 | 755.717 | 6.600.000 | 6.600.000 | 23.505.344 | 8.874.131 |
| **47 Социјални бенефиции** | **250.000** | **208.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **250.000** | **208.500** |
| 471 Социјални надоместоци | 250.000 | 208.500 | | | | | | | | | 250.000 | 208.500 |
| 472 Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 473 Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 47 Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | | | | | | | | | | | | |
| **48 Капитални расходи** | **9.790.000** | **6.115.659** | **4.063.008** | **956.608** | **460.000** | **124.274** | **25.720.000** | **20.311.034** | **0** | **0** | **40.033.008** | **27.507.575** |
| 480 Купување на опрема и машини | 150.000 | 0 | 598.000 | 229.286 | 250.000 | 124.274 | 11.105.000 | 6.197.751 | | | 12.103.000 | 6.551.311 |
| 481 Градежни објекти | | | 3.371.008 | 679.155 | 150.000 | 0 | 350.000 | 342.702 | | | 3.871.008 | 1.021.857 |
| 482 Други градежни објекти | 9.400.000 | 6.018.559 | | | | | 14.265.000 | 13.770.581 | | | 23.665.000 | 19.789.140 |
| 483 Купување мебел | 90.000 | 35.100 | | | 60.000 | 0 | | | | | 150.000 | 35.100 |
| 484 Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 150.000 | 62.000 | 94.000 | 48.167 | | | 0 | 0 | | | 244.000 | 110.167 |
| 486 Купување на возила | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **49 Отплата на главнина** | **9.600.000** | **2.636.143** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.600.000** | **2.636.143** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 492 Отплата на главнина до домашни институции | 6.900.000 | 0 | | | | | | | | | 6.900.000 | 0 |
| 493 Отплата на главнина до други нивоа на власт | 2.700.000 | 2.636.143 | | | | | | | | | 2.700.000 | 2.636.143 |

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пехчево за 2018 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на општина Пехчево за 2018 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Пехчево".

Бр.08-321/1 Совет на општина Пехчево
04.03.2019 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на план за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Пехчево (2019-2021 година)**

СЕ ОБЈАВУВА План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Пехчево (2019-2021 година), што советот на општина Пехчево го донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/10
04.03.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл.весник на РМ бр. 149/2014, 149/2015 и 53/2016), и член 30 став 1 точка 10 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.06/2016) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 04.03.2019 година, донесува

**ПЛАН**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Пехчево (2019-2021 година)**

## I. ВОВЕД

Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.весник на РМ„ бр. 149/2014, 149/2015 и 53/2016), општините се надлежни да вршат собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку се затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта.
Во врска со решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните кучиња и се поизразениот проблем со кој граѓаните на Општина Пехчево се соочуваат, а заради контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија, можен е хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните на општината.

Со овој План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Пехчево (2019-2021година), се утврдуваат насоките за третирање на бездомните кучиња, условите, организацијата и начинот на реализација на територијата на Општина Пехчево.

## II. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Општата цел на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Пехчево (2019-2021 година),е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат во наведениот период, а заради ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомните кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните, како би се обезбедила ефективна заштита на населението на територијата на Општина Пехчево .

## III. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ

Планирани се следните мерки:

- Заловување на животни;
- Транспорт на животните до прифатилиште;
- Прием и преглед од доктор на ветеринарна медицина;
- Лабораториско испитување на заразни болести согласно со прописите од областа на ветеринарното законодавство;
- Ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија;
- Постоперативно сместување и нега;
- Вакцинирање;
- Обележување на кучињата со микрочипови согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство;
- Враќање на заловените кучиња на реонот на нивното заловување или вдомување на кучињата;
- Еутаназација и дехелментација;
- Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Планот за контрола на популацијата на бездомните кучиња ги дава основните насоки од кои ќе произлезе Годишна програма за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Пехчево. .Годишната програма ќе ја реализира субјект кој општината ќе го избере на јавен повик и кое ќе ги исполнува условите за изведување на активности согласно закон.

## IV. ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

### IV.1 Заловување, транспорт, идентификација и евиденција

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.
Субјектот - економскиот оператор избран на јавен повик со свои обучени лица кои што поседуваат легитимација вршат заловување на кучињата, и се обезбедени со соодветна униформа и средства за лична заштита. , како и опрема: јамки и мрежи за заловување, пушка - пиштол за застрелување со средство за времена парализа- успивање, корпи – кафези за транспорт околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.
Униформите и возилото се видно обележани со натпис: “Служба за бездомни кучиња”.
Транпортот ќе се врши од местото на заловување до прифатилиштето.
На лице место ќе се врши теренска идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш ќе се евидентира, и ќе се заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци , место на заловување и др.

## IV.2 Престој во прифатилиште, ветеринарномедицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Прифатилиштето треба да обезбедува елементарни услови за спроведување на соодветни мерки и персонал за ефикасна заштита на животните,, редовно хранење и напојување и доколку е потребно лекување на животните.
Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиштето.
Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно со закон и тој одлучува кој од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

- во согласност со важечките закони;
- кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или на луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна дијагноза , тешко повредени животни кои видливо страдаат;
- кога темпераментот на животното е таков што предизвикува непосредна опасност за околината, кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни;
- или стари изнемоштени животни кога исто така не може да им се овозможи прифатлив квалитет на живот, односно кога животната кондиција е таква што еутаназијата ќе го превентира страдањето.
- еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно како и во случаи кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација .Одлуката за извршување еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутаназирани животни. Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## IV.3 Стерилизација (кастрација)

Стерелизацијата на женските и машките кучиња се врши после детален клинички преглед . Сите кучиња кои по мислење на ветеринарниот хирургги исполнуваат критериумите за операција се оперираат- стерелизираат.
По завршената операција, оперираните кучиња се сместуваат во болничко одделение каде што престојуваат до зараснување на оперираната рана.
За време на анестезијата кучињата се маркираат со микрочип и маркираниот број се заведува во матичната евиденција.
Во постоперативниот период кучињата се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, каде се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.
Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши клинички преглед и процена а по потреба и тест за социјализација за одреден тип на кучиња.
Кучињата се враќаат на приближно иста локација од каде што претходно биле заловени.
Медицинскиот третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарното друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство и кое има договор за ветеринарно медицински третман на животните со прифатилиштето. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно оправување животните се враќаат назад во прифатилиштето каде се врши редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.
Прифатилиштето се одржува согласно санитарни-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција,а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Прифатилиштето е должно да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус појави од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

## IV.4 Посвојување и вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња и мачки. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, и стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.
Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани.
Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, се со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.
Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста и кучињата се третираат со средство против ектопаразити. Животните се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат со тоа што истите се обележани со микрочип, вратените на реонот дополнително треба видливо да се обележат, а вдомените се внесуваат во Ветеринарно информативниот систем. Приоритет се дава на вдомување на животните.

Општината ќе настојува во периодот (2019-2021 година) да изготви и усвои планска документација за изградба на соодветен простор за современо прифатилиште кое ќе ги исполни сите стандарди за елементарна заштита и третман на кучињата.

Општината ќе настојува да донесува соодветни акти кои ќе овозможат субвенционирање на сопствениците на регистрираните кучиња, по различни основи.

## IV.5 Подигање на јавната свест

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Решавање на разни форми на комуникација со граѓаните, спороведување едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, организирање акции и настани за вдомување на кучињата се важен дел кој на подолг рок ќе го ограничи бројот на кучињата на улица и ќе овозможи одржливост на планските активности.

# V.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Планот превидува интензитетот на заловувањето и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на бездомни кучиња/месечно.

Согласно Планот, сите подетални активности ќе се предвидат во Годишни програми за контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Пехчево.

## VI.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирање на активностите предвидени во планот ќе се врши со средства предвидени во буџетот на Општина Пехчево.
Цените за заловување на бездомни животнии престој во стационарот ќе се утврдува со посебни ценовници, одобрени од Советот на општина Пехчево.
Плаќањата ќе се вршат согласно степенот на реализација.

## VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Пехчево (2019-2021 година), ќе се применува по одобрување на истиот од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија .

Надзор над реализацијата на планот врши Одделението за урбанизам, комунални дејности , заштита на животната средина и ЛЕР во Општина Пехчево.
Инспекциски надзор врши Одделението за инспекциски работи при Општина Пехчево.
Работата и активностите по Планот се во надлежност на Општина Пехчево, а Економскиот оператор е под надзор на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Изработил: Овластен инспектор за животна средина и комунални работи - Светлана Стамболиска

Бр.08-322/1
04.03.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на програма за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/11
04.03.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 5, став 15 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16) и член 159 од Одлуката за комунален ред на општина Пехчево бр. 07- 1717/1 од 22.10.2013 год., Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 04.03.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година**

Воведен дел

Со оваа програма за други комунални услуги, се планира да се утврди обемот на активностите за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња, се предвидуваат работи и работни задачи, активности за извршување, динамика, услови, организација и реализација на предвидената програма, како и предвидените средства за работа и начинот на финансирање.

Поточно, Програмата подразбира контрола на популацијата на бездомните кучиња што првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата. Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишто и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно. „Залови – стерилизирај - вакцинирај – врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација. Програмата предвидува сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно

неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблем кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување бројот на напуштени животни. Ќе се забрани непреченото размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница.
Комуналната редарска служба ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. На територијата на општина Пехчево во моментот 180 сопственици на кучиња, имаат регистрирано 300 кучиња.
Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици, мора да се исполнува.

**Планирани активности**

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување - чиповање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопственици).
За справување и хуманиот третман на кучињата скитници општина Пехчево е должна да обезбеди комуникација со граѓаните, како би имале повисоко ниво на свесност од целата заедница. Преку разни форми на комуникација, едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест. Целта ќе биде граѓаните повеќе да допринесат за хуман третман на кучињата скитници , а за неодговорните се предвидат санкции за напуштањето миленик и од тие причини клучно е да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.
Општина Пехчево во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.
Програмата за решавање на проблемот со животните кучиња скитници на подрачјето на Општина Пехчево е заснована на нивна перманентна контрола на подрачјето на целиот град и пошироко и ги предвидува следните активности:
Со цел за разрешување на проблемот со кучињата скитници во општина Пехчево превземени се одредени активности од страна на Локалната самоуправа. За тековно и нормално функционирање на програмата и за третирање на кучињата скитници и нивен медицински третман општината спроведе оглас за заловување, прифаќање и третирање на кучињата скитници и други нерегистрирани кучиња во општина Пехчево со спроведување на постапка со барање на прибирање на понуди, со електронска аукција и изберена е понудата од економскиот оператор АД Ветеринарно сточарски центар Тодор Велков од Куманово со кој ќе склучи договор. Во понудата се одредени активностите и финансиските средства за реализација на програмата. Техничката понуда на економскиот оператор АД Ветеринарно сточарски центар Тодор Велков од Куманово се состои од два дела, каде за секоја ставка има дадено поединечна цена:

1. Стручен третман со кастрација:
- заловување на животните и нивен транспорт до прифаталиште, враќање во реон;
- лабараториско испитување на Лајшманија;
- кастрација и ојаловување;
- идентификација – микрочипови, околувратник во боја, ушни маркички;
- вакцинација против беснило и антипаразитски третман;
- шестдневен престој во прифаталиштето;

2. Еутаназија
- заловување на животните и нивен транспорт до прифаталиште, транспорт до депонија;
- лабараториско испитување на Лајшманија;
- шестдневен престој во прифаталиштето;

- еутаназија.

Средствата се предвидуваат во програмата за комунални дејности, ставка Ј8 во буџетот на општина Пехчево.

Фактичката вредност на извршената услуга ќе се утврдува периодично во присуство на претставник од Локалната самоуправа и избраната фирма согласно единичните цени кои се дадени во Понудата на избраната фирма и бројот на кучињата кои се третирани.

Составен дел на Програмата за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година е и Планот за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналните редари

Согласно истата се планира на секое тромесечје да се врши заловување на 10 кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на оштина Пехчево, согласно спроведената постапка и обезбедените средства од буџетот на општината.

План за вршење на контрола на заловените кучиња од страна на комуналниот инспектор и комуналните редари во општина Пехчево

| Ред. број | Период(месеци) | Активност | Единица мера | количина | Број на операции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | февруари, март | Заловување на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња во централното градско подрачје | бр. | 10 | 1 |
| 2 | април, мај, јуни | Заловување околу ООУ Ванчо Китанов и детската установа 7ми септември во Пехчево | бр. | 10 | 1 |
| 3 | јули, август, септември | Заловување на територијата околу депонијата | бр. | 10 | 1 |
| 4 | октомври, ноември, декември | Заловување на три раскрсници во Пехчево | бр. | 10 | 1 |

Изработил:
Светлана Стамболиска - Овластен инспектор за животна средина и комунални дејности

Бр.08-323/1
04.03.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на План за вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина и комунални работи на општина Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА План за вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина и комунални работи на општина Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево го донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/12
04.03.2019 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

**ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ РАБОТИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

| **1.Податоци за инспекторот** | |
|---|---|
| **1.1.Име и презиме** | Светлана Стамболиска - Овластен инспектор за животна средина и комунални работи |
| **1.2. Орган на државна управа/општина** | Општина Пехчево |
| **1.3.Подрачје** | Општина Пехчево |

**2.Податоци за планиран редовен инспекциски надзор по сектори и инсталации, и приказ на времето потрошено за инспекциски надзор**

**2.1.Подрачје на планиран инспекциски надзор**

Општина Пехчево за 2019 година

**2.2.Временски распоред и динамика на планираниот редовен инспекциски надзор, по сектор и инсталации**

| РБ | Инсталација | Сек-тор | Друго | Област | Медиум /објект | МЕСЕЦИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| 1 | ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево | | | отпад | почва, вода, воздух | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 2 | ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево | | | водовод и канализација | почва вода | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 3 | ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево | | | подигање смет и празнење контејнери | почва | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 4 | ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево | | | санитарни јазли | почва, подземни води | | | | x | | | x | | | x | | |
| 5 | ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево | | | јавна чистота | почва, вода, воздух | | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 6 | ЈКП,,Комуналец,, - Пехчево | | | јавна депонија и диви депонии | почва и подземни води | | | x | | x | | x | | x | | x | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | ЈКП„Комуналец„ - Пехчево | | | паркови и зеленило | почва | | | x | | x | | x | | x | | x | |
| 8 | ЈКП„Комуналец„ - Пехчево | | | корито на река Писа | почва<br>вода | | | | x | x | x | x | x | x | x | | |
| 9 | „Фагус„ доо - Пехчево | | | органски растворувачи,отпад,<br>пилевина | вода<br>почва<br>воздух | | x | | x | | x | x | x | | x | | |
| 10 | „Нова рефрактори„ – Пехчево | | | цврст и прашкаст технолошки отпад и течен отпад | вода<br>почва<br>воздух | | x | | | | x | | | x | | | |
| 11 | Млекара Наташа с. Робово | | | отпадни води | вода<br>почва | | | | x | | | | | | x | | |
| 12 | Угостителски<br><br>објекти | | | бучава<br>мирисзба<br>отпад | воздух<br>почва | | | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 13 | Механички работилници | | | отпад | почва<br>вода<br>воздух | | | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| 14 | Други инстал. | | | | вода<br>воздух<br>почва | | | x | x | x | | x | x | | x | x | |
| | Административни работи | | | | вода<br>воздух<br>почва | | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| | Вкупно: | Вкупно по сектор: | Вкупно | Вкупно по област: | Вкупно по медиум: | Вкупно: 3 | Вкупно 6 | Вкупно 11 | Вкупно 12 | Вкупно 12 | Вкупно 9 | Вкупно 12 | Вкупно 9 | Вкупно 11 | Вкупно 12 | Вкупно 10 | Вкупно 7 |

**Вкупно планиран редовен инспекциски надзор за 2019година..... 116 редовни + барањата од странки (вонредни)**

Изработил:
Овластен инспектор Светлана Стамболиска

---

Бр.08-324/1
04.03.2019 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлука за усвојување на програмски извештај за**
**ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програмски извештај за ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седумнаесетата седница одржана на ден 04.03.2019 година.

Бр. 09-335/13 Градоначалник на
04.03.2019 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 04.03.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програмски извештај за**
**ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2018 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува програмскиот извештај за ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2018 година.

**Член 2**

Програмскиот извештај за ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2018 година бр.05-8/1 од 21.02.2019 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-325/1 Совет на општина Пехчево
04.03.2019 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

05-8/1
21.02 9

# Програмски извештај за Општинската установа-Матична библиотека „Кочо Рацин"-Пехчево за 2018 година

Општинаската установа-Матична библиотека „Кочо Рацин"-Пехчево како општинска институција од областа на културата во Општина Пехчево, чија основна дејност е развојот на библиотекарството и презентација и овозможување за користење на расположивиот книжен фонд, во својата работа ги вклучува книжевните творци, кои ќе бидат интегрирани како креативна сила во промоцијата на литературата. Една од најважните функции на библиотеката е популаризација на книгата и читањето, развивање на свеста и навиките за читање.Од друга страна важно и потребно е родителите да им читаат на децата уште од најрана возраст, при што покрај поминувањето на пријатни моменти во друштво со книгата, се стекнува и навика за читање и љубов кон книгата.

- Месец јануари е наменет за обновување на новото членство.
- Месец февруари, месец на виното и љубовта, по тој повод во просториите на библиотеката се одржа литературно читање во вид на рецитал „ Спомени на болката „ во изведба на Габриела Костадинова, Драган Колевски и Јасмина Цековска. Пред присутните, најмалата читателка Лина Велковска се претстави со песната „Празник на грозјето". Низ една необична , интересна и шеговита игра водителакта Габриела заедно со директорката Јасмина, ги натераа дел од присутните со читање на љубовни пораки да глумат и со мала доза на емоции да подарат плишено срце во знак на љубовта и виното.
- Месец март е месец кога го имаме светскиот ден на поезијата. По тој повод во просториите на кафе бар „Ким" на 21 март се одржа манифестацијата "Поезијо те сакаме" во организација на ОУМБ „Кочо Рацин" . На манифестацијата учествуваа ученици од основното и средното образование како и повозрасни читатели во улога на поети и поетеси. Се пишуваа стихови во чест на поетското творештво.Најдобрите беа наградени со дипломи и книги, а на останатите учесници им беа доделени благодарници и книги. Првото место го освои Лина Велковска, второто место Лилјана Стефановска, а третото го делеа Маја Пандова и Катерина Каракашова.

– Месец април е месецот на книгата и авторското право, по тој повод Домот на културата „Крсте Мисирков“ - од св. Николе по трет пат ја организираше манифестацијата Пролет, Љубов, Смеа, каде нашата библиотека зеде учество со две ученички заедно со нивниот ментор Габриела Костадинова. Марија Костадинова зеде благодарница за учество во категоријата учесници од VI до IX одделдение додека Маја Пандова го освои второто место во категоријата младинци до 18 години.
– По повод 23 април Светскиот ден на книгата и авторското право ОУМБ „Кочо Рацин“, одржа манифестација каде беа наградени читателите кои во изминатата година се покажаа и докажаа како читатели рекордери и најчитатели рекордери, беа наградени со диплома, книга и слатко изненадување кое само тие можеа да го видат. Но, тука секогаш се и соработниците на библиотеката кои исто така си понесоа награда, а библиотеката не би била целосна без нашите ученици кои се претставија со свои творби за кои беа наградени.
– Месец мај, месец кога се посетува саемот на книгата, сите најнови изданија на едно место, изавачки куќи со многу интересни промоции, наши автори со свои презентации.
  ЈОУ библиотека „Искра“ и литературен клуб „Копнеж“-Кочани по 44 пат го организираше детскиот поетски фестивал „Мајски цвет“ каде нашата библиотека зеде учество со учениците, Иван Јангелов и Михаела Костовска со менторот Габриела Костадинова. Им беа доделени благодарници за учество, а Михаела Костовска ја освои наградата за најдобар интерпретатор.

- Следува период на годишни одмори, но со огромно задоволство можам да истакнам дека летниот период е период кога интензивно се чита, се зачленуваат дури и ученици и студенти што доаѓаат од други градови, кои го поминуваат летниот распуст тука.
- Месец септември, почнува школската година, а со тоа и поголема фреквентност во библиотеката и подготовки од наша страна за месецот на книгата.
- По повод месецот на книгата, нашата и ваша библиотека во соработка со наставниците и учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево, во холот на гимназијата одржаа музичко, поетски-драмски перформанс.
- Активностите по повод месецот на книгата продолжуваат, во соработка со наставничката Магдалена Поповска и facebook групата Размена на книги, во кафе бар „Ким“ се реализираше настан за промовирање на читањето и љубовта кон книгите, преку размена на сопствени книги меѓу читателите. Огромната заинтересираност за настанот и целта за промовирање на читањето кај децата е остварена.
- Во просториите на детската градинка „7 септември“ се одржа интерактивна настава во соработка со ОУМБ „Кочо Рацин“ и средната група дечиња. Активноста се состоеше од интерпретација на сказната „Црвенкапа“ од страна на библиотекарката Габриела Костадинова. Таа им ја прочита приказната на дечињата, а тие имаа за задача да одговорат на поставените прашања. Целста на оваа интерактивна настава беше да се види колку дечињата од средната група кои не знаат да читаат сепак можат да ја перцепираат и меморираат содржинатана сказната. Дечињата со учителката Розмарина Мицевска на вработените од библиотеката им ја подготвија приказната „Трите мечиња“ каде преку цртежи, дечињата ја прераскажаа. За награда си добија слатко

изненадување од директорката Јасмина Цековска.

- Активностите се нижат во текот на месец октомври и ноември. Во посета на библиотеката беа дечињата од прво одделение со наставничката Оливера Кратевска. Беа запознаени со работата на библиотеката и нејзините активности. Се разгледуваа сликовници, весници, книги. Се одговараше на нивните прашања. Како награда си добија бесплатно членство од страна на директорката Јасмина Цековска, со цел да им се доближи одговорноста за позајмување и враќање на книгите.
